2693 Централна правосулна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр.9

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Сабота, 19 април 1975
Скопје
Број 15 Год. XXXI

Претплатата за 1975 година изнесува 300 динари. Овој број чини 3 дин. Жиро сметка 40100-601-128

**129.**

Врз основа на член 27 од Законот за Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 40/71), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ОДНОСИ СО СТРАНСТВО НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

1. Се именува за секретар на Секретаријатот за односи со странство на Извршниот совет Томислав Симовски, досегашен генерален конзул на СФРЈ во Канада — Торонто.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-710/1
28 март 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

---

**130.**

Врз основа на член 33 од Законот за Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 40/71), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ОДНОСИ СО СТРАНСТВО НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

1. Се именува за потсекретар во Секретаријатот за односи со странство на Извршниот совет Ванчо Андонов, досегашен советник на секретарот на тој секретаријат.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-711/1
28 март 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**131.**

Врз основа на член 29 ст. 3 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ФИНАНСИИ

1. Се именува за потсекретар во Републичкиот секретаријат за финансии Роза Русо, досегашен помошник на републичкиот секретар за финансии.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-712/1
28 март 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

---

**132.**

Врз основа на член 29 став 3 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ФИНАНСИИ

1. Се именува за потсекретар во Републичкиот секретаријат за финансии Стево Стоевски, досегашен помошник на републичкиот секретар за финансии.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-713/1
28 март 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

133.

Врз основа на член 29 став 3 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

1. Се именува за потсекретар во Републичкиот секретаријат за здравство и социјална политика д-р Видое Стефановски, досегашен помошник на републичкиот секретар за здравство и социјална политика.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-714/1
28 март 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

134.

Врз основа на член 29 став 3 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

1. Се именува за помошник на републичкиот секретар за здравство и социјална политика Вергула Кадрула, досегашен началник во Заедницата за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-715/1
28 март 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

# ОПШТЕСТВЕНИ ДОГОВОРИ И САМОУПРАВНИ СПОГОДБИ

165.

Врз основа на член 12 од Законот за општествено договарање и самоуправно спогодување за основите и мерилата за распределба на доходот и на личните доходи и за општествено насочување на распределбата на доходот („Службен весник на СРМ“ бр. 24/71.), Сојузот на синдикатите на Македонија, Стопанската комора на Македонија и Извршниот совет на Собранието на СР Македонија усвојуваат

## ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА РАСПРЕДЕЛБАТА НА ДОХОДОТ И ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ ВО ОСНОВНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ВО СТОПАНСТВОТО

Член 1

Во Општествениот договор за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружениот труд во стопанството („Службен весник на СРМ“ бр. 29/73, 14/74 и 33/74 год.), во член 5 во ставот 1 по алинеја 5 се додава нова алинеја која гласи:

„ — средно за одредено занимање 1,60.“

Во ставот 4 се додава нова алинеја 3 која гласи:

„— степен на оспособеност за вршење работи на работно место квалификуван работник (интерна квалификација), здобиен според општиот акт на организацијата донесен врз основа на сојузни и републички прописи“.

Член 2

Во член 6 се додава нова точка 4 која гласи:

„При распределбата на доходот на дел за бруто лични доходи и дел за проширување на материјалната основа на здружениот труд, висината на бруто личниот доход по условно неквалификуван работник во организацијата утврден според скалата од точка 2, организацијата може да го зголеми најмногу до 5%, но во рамките на остварената продуктивност во работењето изразена во доходност по условно неквалификуван работник“.

Точката 4 станува точка 5 во која на крајот од првата реченица се додаваат зборовите: „и работните заедници на заедничките служби“.

Член 3

Во членот 18 се додава нов став 6 кој гласи:

„На работни места каде што работниот придонес може непосредно одредено да се мери, собирот на работниците може да утврди исплата и на поголем износ на личен доход од највисокиот утврден според одредбите на овој член“.

Член 4

По членот 18 се додава нов член 18а, кој гласи:

„Минатиот труд како критериум за учество на работникот во распределбата на личниот доход, според работниот стаж (работно искуство) може да учествува најмногу до 15% во однос на личниот доход според сите останати основи и мерила“.

Член 5

Во членот 19 точка 1 се менува и гласи:

„Регресот за годишен одмор изнесува најмалку 30%, а најмногу 60% од просечниот месечен нето личен доход исплатен во стопанството на Републиката во претходната година. Во регресот за годишен одмор пресметано е и регресирањето на пансионот во одморалиштето“.

Во истиот член се додава нова точка 4 која гласи:

„По основ на солидарност на работниците може да се исплатува следната помош:

— помош на фамилијата во случај на смрт на работникот во висина до двомесечен личен доход на работникот;

— помош во случај на смрт на член од потесното семејство на работникот или за подолготрајно боледување на работникот во висина до едномесечен просечен нето личен доход остварен во основната организација на здружениот труд во претходната година;

— еднократна помош на работникот во случај на елементарни непогоди или пожари што предизвикале штета на работникот и неговата фамилија;

— еднократна помош во случај на настапување потешка инвалидност на работникот.

Предлог за исплата на наведените видови помош по основ на солидарност дава основната организација на синдикатот".

Член 6

Во членот 20 се менуваат точките 1, 4 и 7 и гласат:

„1. пола дневница за службено патување во земјата може да изнесува најмногу до 12% од просечниот нето месечен личен доход исплатен во стопанството на Републиката во претходната година, а доколку одделно се признаваат трошоците за ноќевање според приложена сметка, вкупната висина на дневницата не може да изнесува повеќе од 300 динари.

4. надоместокот за користење на сопствено возило за службена цел може да се исплатува по изминат километар најмногу до 25% од највисоката цена на бензинот за еден литар.

7. организацијата која има организирана општествена исхрана или обезбедува општествена исхрана со топол оброк кај друга организација, може да партиципира во трошоците на исхраната по вработен најмногу до 10% од просечниот нето личен доход исплатен во стопанството на Републиката во претходната година. Износот на партиципацијата не може да се исплатува во готово".

Член 7

По член 20 се додава нов член 20 а кој гласи:

„За работа подолга од полното работно време (прекувремена работа) на работникот му припаѓа зголемување најмногу до 50% од пресметковната основа или остварената аконтација на личниот доход.

За работа ноќе на работникот му припаѓа зголемување најмногу до 35% од пресметковната основа на личниот доход.

За работа во денови на државни празници на работникот му припаѓа покрај надоместокот на личниот доход и личен доход за работа во тие денови зголемен до 50%".

Член 8

Членот 22 се менува и гласи:

„Републичкиот завод за статистика го утврдува и објавува во „Службен весник на СРМ" просечниот месечен нето личен доход исплатен во стопанството на Републиката во претходната година".

Член 9

Во членот 36 ставот 3 се брише.

Член 10

Овој договор влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" а ќе се применува:

— за делот што се однесува на распределбата на доходот остварен во 1975 година од 1. I. 1975 година;

— за останатиот дел од денот на влегувањето во сила на овој договор.

До усогласувањето на самоуправните спогодби за распределба на доходот и личните доходи, организациите непосредно ќе ги применуваат одредбите на член 4, 5, 6 и 7 од овој договор.

Член 11

Се овластува Заедничката комисија да издаде и објави пречистен текст на овој договор.

За Стопанската комора
на Македонија,
**Никола Ница**, с. р.

За Сојузот на синдикатите
на Македонија,
**Ванчо Близнаковски**, с. р.

За Извршниот совет на
СР Македонија
Републички секретар за труд,
**Душко Ѓорѓиев**, с. р.

---

**166.**

Врз основа на член 11 од Општествениот договор за изменување и дополнување на Општествениот договор за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружениот труд во стопанството („Службен весник на СРМ" бр. 15/75), Заедничката комисија на својата седница го утврди пречистениот текст на Општествениот договор.

Пречистениот текст ги опфаќа измените и дополнувањата на Општествениот договор за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружениот труд во стопанството („Службен весник на СРМ" бр. 29/73) и измените и дополнувањата на Општествениот договор за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружениот труд во стопанството („Службен весник на СРМ" бр. 14/74, 33/74 и 15/75).

Претседавач на Комисијата,
**Душко Ѓорѓиев**, с. р.

За остварување на начелата за општествено насочување на распределбата на доходот и личните доходи, а врз основа на членовите 2, 4, 5 и 8 од Законот за општествено договарање и самоуправно спогодување за основите и мерилата за распределбата на доходот и на личните доходи и за општествено насочување на распределбата на доходот („Службен весник на СРМ" бр. 24/71, во натамошниот текст — Законот), Сојузот на синдикатите на Македонија, Стопанската комора на Македонија и Извршниот совет на Собранието на СР Македонија усвојуваат

## ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР

### ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА РАСПРЕДЕЛБАТА НА ДОХОДОТ И ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ ВО ОСНОВНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ВО СТОПАНСТВОТО

**(Пречистен текст)**

Член 1

Со овој општествен договор се усвојуваат единствени основи и мерила за утврдување на односите во распределбата на доходот на дел за проширување на материјалната основа на здружениот труд и на дел за лични доходи и за другите примања на работниците во основните организации на здружениот труд.

Член 2

Доход за распределба во смисла на одредбите од овој договор претставува остварениот доход на основната организација на здружениот труд (во натамошниот текст: организацијата), намален

за пресметаните договорни и законски обврски, а зголемен за износот на пресметаната амортизација над пропишаните стапки содржани во реализираните производи и услуги.

Доходот за распределба, утврден според претходниот став организацијата може да го намали и за висината на издатоците за другите лични примања: издатоците за стручно образование на работниците, наградите на учениците во стопанството, наградите за работа на студентите и учениците на средните училишта за време на практичната работа, наградите на странски студенти, стипендиите и кредитите на студентите и учениците на средните училишта, платите на странски работници врз основа на меѓународната спогодба за размена и разликите помеѓу личните доходи во земјата и во странство на работниците кои се вработени во странство, а во организациите од дејноста на земјоделието и примањата по основ на граѓанско-правен однос, за обавување на повремени и привремени сезонски работи.

Член 3

Лични доходи во смисла на овој договор се средствата издвоени од доходот за распределба за лични доходи и за други лични примања на работниците во бруто износ врз основа на утврдените односи за распределба на доходот.

Во организацијата во која согласно член 1 од овој договор се намалува доходот за распределба, лични доходи претставуваат средствата издвоени од доходот за распределба на лични доходи и издатоците за другите лични примања: провизија на трговските патници, казни за стопански престапи и личните примања по основ на граѓанско-правен однос, освен личните примања по основ на граѓанско-правен однос во организациите од дејност на земјоделието за обавување на повремени и привремени сезонски работи.

Делот од доходот за проширување на материјалната основа на здружениот труд во смисла на овој договор се средствата издвоени од доходот за распределба врз основа на утврдените односи за распределба на доходот, заедно со пресметаната амортизација над пропишаните стапки, содржана во реализираните производи и услуги.

Член 4

Основно мерило за утврдување на односите во распределбата на доходот за распределба во организацијата е индексот на доходноста.

Индексот на доходноста претставува однос помеѓу доходот за распределба по условно неквалификуван работник остварен во организацијата во пресметковниот период од тековната година, со остварениот доход за распределба по условно неквалификуван работник во стопанството на Републиката во претходната година односно во споредливиот пресметковен период од претходната година.

Член 5

Утврдувањето на бројот на условно неквалификувани работници се врши по следниве единствени пондерациони коефициенти:

| | |
|---|---|
| — неквалификувани | 1,00 |
| — полуквалификувани | 1,25 |
| — квалификувани | 1,50 |
| — висококвалификувани | 1,92 |
| — ниже стручни | 1,32 |
| — средно за одредено занимање | 1,60 |
| — средно стручни | 1,73 |
| — више стручни | 2,30 |
| — високо стручни | 2,85 |
| — магистри | 3,15 |
| — доктори на науки | 3,50 |

Коефициентите од претходниот став се применуваат само за пресметување на условниот број неквалификувани работници на вработените и не можат да претставуваат основ и мерило за распределба на личните доходи.

За работни места за кои според постојните прописи се признава бенифициран работен стаж, пондерационите коефициенти од овој член можат да се зголемат за процентот на бенефицираниот стаж.

За износот на средствата исплатени за ноќна работа и работа во државни празници, организацијата може да го зголеми бројот на условно неквалификуваните работници на тој начин, што разликата на зголемениот бруто личен доход кој се исплаќа по тие основи ќе ја подели со просечниот бруто личен доход по условно неквалификуван работник остварен во стопанството за соодветниот пресметковен период од претходната година.

Квалификација односно степен на стручна подготовка во смисла на овој член се смета:

— степенот на здобиеното школско образование, односно стручна подготовка, здобиена односно признаена на начин утврден со закон или пропис донесен врз основа на закон;

— степен на оспособеноста за вршење работи на работното место на полуквалификуван (приучен) работник, односно призната подготовка според одредбите на општиот акт на организацијата;

— степен на оспособеност за вршење работи на работно место квалификуван работник (интерна квалификација), здобиен според општиот акт на организацијата донесен врз основа на сојузни и републички прописи.

Член 6

Во зависност од големината на индексот на доходноста, доходот за распределба во тековниот пресметковен период и по завршната сметка во организацијата ќе се распределува на дел за лични доходи на работниците во здружениот труд и на дел за проширување на материјалната основа на здружениот труд според следниве мерила:

1. За индекс на доходност 100 се применува најмалку просечната стапка за проширување на материјалната основа на здружениот труд остварена во стопанството во споредливиот пресметковен период од претходната година;

2. За индекс на доходност над 100 за утврдување на висината на бруто личниот доход по условно неквалификуван работник и односите за распределба на доходот се применува следнава скала:

| Во организацијата во која индексот на доходноста по условно неквалификуван работник изнесува: | Висината на бруто личниот доход по условно неквалификуван работник во организацијата може да изнесува во споредба со бруто личниот доход по условно неквалификуван работник во стопанството на Републиката издвоен во споредливиот пресметковен период од претходната година, најмногу до следниве проценти: |
|---|---|
| од 100—110 | 100 + 1,00 за секој индексен поен на доходност над 100—110 |
| од 110—125 | 110 + 0,94 за секој индексен поен на доходност над 110—125 |
| од 125—150 | 124 + 0,48 за секој индексен поен на доходност над 125—150 |
| од 150—175 | 136 + 0,24 за секој индексен поен на доходност над 150—175 |
| од 175—200 | 142 + 0,16 за секој индексен поен на доходност над 175—200 |
| од 200—250 | 146 + 0,12 за секој индексен поен на доходност над 200—250 |
| од 250—300 | 152 + 0,08 за секој индексен поен на доходност над 250—300 |
| од 300—400 | 156 + 0,04 за секој индексен поен на доходност над 300—400 |
| преку 400 | 160 + 0,02 за секој индексен поен на доходност над 400. |

3. За индекс на доходност под 100 организацијата утврдува односи за распределба на доходот според критериумите и мерилата на општите акти на организацијата, при што личниот доход по условно неквалификуван работник не може да биде повисок од оној што би се утврдил со примена на мерилата од овој член за индекс на доходност 100.

4. При распределбата на доходот на дел за бруто лични доходи и дел за проширување на материјалната основа на здружениот труд, висината на бруто личниот доход по условно неквалификуван работник во организацијата утврден според скалата од точка 2, организацијата може да го зголеми најмногу до 5%, но во рамките на остварената продуктивност во работењето изразена во доходност по условно неквалификуван работник.

5. Личните доходи и средствата за заедничка потрошувачка на работниците во работните заедници што во организациите на здружениот труд вршат административно-стручни, помошни и на нив слични работи од заеднички интерес за повеќе организации во нејзиниот состав и во организациите на деловно здружување, се утврдуваат со самоуправна спогодба склучена помеѓу корисниците на нивните услуги и работните заедници на заедничките служби. Самоуправната спогодба се доставува до Службата на општественото книговодство.

Член 7

Организацијата која деловната година ја завршила со загуба и истата е санирана не ги применува одредбите од овој договор, со кои се регулира распределбата на доходот и личните доходи.

Висината на аконтациите на личните доходи ја регулира со спогодба со санаторите се додека не оствари позитивен финансиски резултат.

Организациите кои според постојните прописи ја покриле загубата во тековната година со сопствени средства, висината на аконтациите на личните доходи во периодот по покривањето на загубата ќе ја регулираат со спогодба со Собранието на општината, или од него овластен орган и претседателството на општинската конференција на Сојузот на синдикатите на Македонија, се додека не остварат позитивен финансиски резултат.

Член 8

Службата на општественото книговодство — Централа на СР Македонија ќе ги утврдува и објавува за секој пресметковен период во „Службен весник на СРМ" следниве заеднички елементи:

— доход за распределба по условно неквалификуван работник во стопанството;

— просечен бруто личен доход по условно неквалификуван работник; и

— односите за распределбата на доходот во стопанството.

Во случаи на промени во структурата на заедничките елементи, кои би влијаеле врз нивната примена во тековниот пресметковен период Службата на општественото книговодство ќе ги утврдува и објавува заедничките елементи според структурата сообразена со тековниот период.

Републичкиот завод за статистика ќе го утврдува и објавува во „Службен весник на СРМ" просечниот степен на стручност во стопанството на Републиката, во претходната година (ПРо/Ро).

Член 9

Исплатата на аконтациите на личните доходи во организациите во текот на годината треба да се движи во рамките на деловните резултати и мерилата за распределбата на доходот во согласност со одредбите на овој договор и самоуправната спогодба.

Распределбата на доходот на дел за лични доходи и на дел за проширување на материјалната основа на здружениот труд ја утврдува секоја организација — потписник на самоуправната спогодба според резултатите од периодичните пресметки и завршната сметка (конечна распределба), со примена на мерилата од членовите 4—6 од овој договор.

Член 10

Делот од доходот кој според мерилата на општествениот договор и самоуправната спогодба ќе се издвои за лични доходи и за други лични примања, работниците во организацијата го распределуваат во согласност со одредбите на самоуправната спогодба за меѓусебните односи, односно општиот акт за распределба на личните доходи во организацијата.

Член 11

Организацијата која со примена на мерилата од овој договор и самоуправната спогодба не може да го обезбеди бруто личниот доход исплатен

по условно неквалификуван работник од претходната година може да отстапува од мерилото за распределба на доходот, но само до висината на исплатениот бруто личен доход по условно неквалификуван работник според завршната сметка од претходната година.

Член 12

Организацијата која исплатила поголема маса на средства за лични доходи отколку што и припаѓа со распределбата на доходот по завршната сметка за тековната година, должна е пречекорениот износ да го надомести од делот на доходот за лични доходи во пресметковните периоди од наредната година, заклучно со утврдувањето на конечните односи за распределба по завршната сметка.

Се до покривање на разликата од претходниот став тековниот личен доход по условно неквалификуван работник во организацијата не може да биде повисок од просечниот бруто личен доход по условно неквалификуван работник во организацијата, исплатен според завршната сметка во годината во која е направено пречекорување.

Во случаи кога поради виша сила, системски решенија или други објективни причини, организацијата не може да ги обезбеди односите за распределба на доходот според мерилата од овој договор, може да примени и други општествено оправдани мерила за распределба на доходот до колку истите бидат верифицирани од Заедничката комисија од член 25 од овој договор.

Член 13

Организациите склучуваат самоуправни спогодби за распределба на доходот и личните доходи во рамките на гранката, групата и подгрупата на која и припаѓаат согласно Правилникот за распределување на корисниците на општествениот имот според нивните дејности, што се распоредени во областите од 1—8 освен организациите што се регистрирани како установи („Службен лист на СФРЈ“ бр. 10/62 година... 13/65 година), вклучувајќи ги деловните банки и осигурителните организации.

Организациите склучуваат самоуправни спогодби за распределба на доходот и личните доходи во рамките на заедниците на основните организации на здружениот труд и сложената организација на здружениот труд.

Кон овие спогодби можат да пристапат и други организации што се во состав на заедница на основна организација на здружениот труд односно во сложена организација на здружениот труд, а и припаѓаат на соодветната гранка, група или подгрупа.

Организацијата не може да биде истовремено потписник на две или повеќе самоуправни спогодби.

Член 14

Организациите кои ги исполнуваат условите од членот 17 од Законот за утврдување и пресметување на вкупниот приход и доход во основните организации на здружениот труд („Службен лист на СФРЈ“ бр. 71/72), односите за распределба на доходот можат да ги утврдуваат на ниво на заедницата на основните организации на здружениот труд, работната организација, односно сложената организација на здружениот труд.

Член 15

Организациите можат да склучат самоуправна спогодба со организации од други социјалистички републики и покраини, во согласност со одредбите од меѓурепубличкиот општествен договор.

До потпишувањето на меѓурепубличкиот општествен договор, организациите можат да склучат самоуправна спогодба, односно да пристапат кон спогодбата на работната организација од Републиката во која е седиштето на организацијата.

Организациите од претходниот став висината на најнизок и највисок личен доход, личните примања од средствата за заедничка потрошувачка и издатоците што паѓаат на товар на материјалните трошоци, ги усогласуваат во согласност со овој општествен договор.

Организациите од ставот 2 на овој член се должни да достават по еден примерок од самоуправната спогодба во СОК — филијалата, каде што е седиштето на организацијата и до Комисијата за општествено договарање.

Член 16

Организацијата што не ќе склучи или не се придржува кон самоуправната спогодба за распределба на доходот и личните доходи, средствата за личните доходи ги издвојува од доходот за распределба најповеќе до просечниот бруто личен доход по условно неквалификуван работник во организацијата според завршната сметка од претходната година.

Член 17

Најнискиот личен доход на работник за полно работно време и нормален работен учинок не може да биде помал од 70% од просечниот личен доход исплатен во стопанството во претходната година.

Член 18

Највисок личен доход претставува максималниот износ на личен доход што може годишно во просек да се исплати како личен доход на работникот по сите основи и мерила, вклучувајќи ги и личните доходи остварени во повеќе организации.

Наградите што се исплатуваат на работникот по основ на авторство, рационализаторство, новаторство и патенти не се земаат предвид при утврдувањето на највисокиот личен доход.

Највисокиот личен доход на работникот може да се движи во распон 1 : 5 во однос на просечниот месечен нето личен доход исплатен во стопанството во претходната година.

При утврдувањето на висината на највисокиот личен доход организациите треба во самоуправната спогодба да изградат критериуми и мерила, при што првенствено да се има во предвид големината на организацијата, доходноста, бројот на вработените, карактерот на трудот и карактерот на дејноста и сл.

Износите што од други организации се уплатени на име личен доход по сите основи во организацијата каде работникот е вработен на неопределено работно време, а ја надминуваат максималната висина утврдена со одредбите на овој член, се распределуваат со завршната сметка на организацијата каде работникот е вработен на неопределено работно време во дел за проширување на материјалната основа на здружениот труд.

На работни места каде што работниот придонес може непосредно одредено да се мери, собирот на работниците може да утврди исплата и на поголем износ на личен доход од највисокиот утврден според одредбите на овој член.

Член 19

Минатиот труд како критериум за учество на работникот во распределбата на личниот доход, преку работниот стаж (работно искуство) може да учествува најмногу до 15% во однос на личниот доход според сите останати основи и мерила.

Член 20

Со самоуправната спогодба организациите утврдуваат поблиски мерила за определување на висината на примањата од средствата за заедничка потрошувачка, со тоа што годишните примања по работник, вработен на неопределено време не може да бидат поголеми од следните износи:

1. Регресот за годишен одмор изнесува најмалку 30%, а најмногу 60% од просечниот месечен нето личен доход исплатен во стопанството на Републиката во претходната година. Во регресот за годишен одмор пресметано е и регресирањето на пансионот во одморалиштето.

2. Јубилејни награди и други примања наменети за лична потрошувачка, кои се исплатуваат непосредно или посредно не можат да бидат по работник поголеми од едномесечен просечен нето личен доход исплатен во стопанството во претходната година.

3. На работниците кои одат во пензија може да им се исплатува отпремнина до висината на тримесечен износ од просечниот нето личен доход на работникот остварен во годината во која оди во пензија.

4. По основ на солидарност на работниците може да се исплатува следната помош:

— помош на фамилијата во случај на смрт на работникот во висина до двомесечен личен доход на работникот;

— помош во случај на смрт на член од потесното семејство на работникот или за подолготрајно боледување на работникот во висина до едномесечен просечен нето личен доход остварен во основната организација на здружениот труд во претходната година;

— еднократна помош на работникот во случај на елементарни непогоди или пожари што предизвикале штета на работникот и неговата фамилија;

— еднократна помош во случај на настапување потешка инвалидност на работникот.

Предлог за исплата на наведените видови помош по основ на солидарност дава основната организација на синдикатот.

Член 21

Со самоуправната спогодба организациите на здружениот труд ги утврдуваат поблиску мерилата за определување на износот на примањата што ги товарат материјалните трошоци со тоа што поединечните износи на овие примања можат да изнесуваат најмногу:

1. Полна дневница за службено патување во земјата може да изнесува најмногу до 12% од просечниот нето месечен личен доход исплатен во стопанството на Републиката во претходната година, а доколку одделно се признаваат трошоците за ноќевање според приложена сметка, вкупната висина на дневницата не може да изнесува повеќе од 300 дин.

2. Полна дневница за службен пат во странство може да се движи најмногу до износот пропишан за работниците во републичките органи на управата, а доколку се признаваат одделно трошоците за ноќевање, дневницата се намалува за 30%;

3. Дневниците на лица, странски државјани за време на престој во нашата земја, како, и на наши граѓани чија висина е утврдена со меѓудржавните конвенции или склучените договори со странски организации, може да изнесува до висината утврдена во договорот со странскиот деловен партнер;

4. Надоместокот за користење на сопствено возило за службена цел може да се исплатува по изминат километар најмногу до 25% од највисоката цена на бензинот за еден литар;

5. Надоместокот за одвоен живот не може да изнесува повеќе од 40% од пресметковниот основ на личниот доход на работникот;

6. Надоместокот за теренски додаток не може да изнесува повеќе од 40% од пресметковниот основ на личниот доход на работникот доколку на објектот е организирана исхрана и сместување. Во случај кога исхраната и сместувањето на работниците на објектот не се организирани, висината на надоместокот се утврдува со самоуправната спогодба;

7. Организацијата која има организирано општествена исхрана или обезбедува општествена исхрана со топол оброк кај друга организација, може да партиципира во трошоците на исхраната по вработен најмногу до 10% од просечниот нето личен доход исплатен во стопанството на Републиката во претходната година. Износот на партиципацијата не може да се исплатува во готово.

Член 22

За работа подолга од полното работно време (прекувремена работа) на работникот му припаѓа зголемување најмногу до 50% од пресметковната основа или остварената аконтација на личниот доход.

За работа ноќе на работникот му припаѓа зголемување најмногу до 35% од пресметковната основа на личниот доход.

За работа во денови на државни празници на работникот му припаѓа покрај надоместокот на личниот доход и личен доход за работа во тие денови зголемен до 50%.

Член 23

Републичкиот завод за статистика го утврдува и објавува во „Службен весник на СРМ" просечниот месечен нето личен доход исплатен во стопанството на Републиката во претходната година.

Член 24

За организации врз чие работење не влијаат пазарните услови и организациите во изградба можат да склучуваат одделни општествени договори.

Организациите во основање и изградба склучуваат самоуправна спогодба со основачите или инвеститорите со која ги регулираат личните доходи.

Член 25

Спроведувањето на овој договор, самоуправните спогодби и одделните општествени договори, го следи Заедничката комисија за општествено договарање во стопанството која се формира според одредбите на Законот.

Член 26

Комисијата работи на седници кои се одржуваат по потреба. Секој од учесниците има право да бара одржување на седница на Комисијата.

Комисијата полноправно работи ако на седницата присуствуваат најмалку по еден член именуван од страна на секој учесник.

Член 27

Седницата на Комисијата ја свикува и со неа раководи претседавач кој наизменично се избира секои 4 месеци.

Член 28

Комисијата особено:

1. Го следи спроведувањето на овој договор и самоуправните спогодби и одделните општествени договори и за појавите и проблемите ги известува учесниците и другите заинтересирани организации и органи;

2. Предлага на учесниците преземање мерки и акции за спроведување на овој договор;

3. Предлага на учесниците измени и дополнувања на овој договор и подготвува нацрт на измени и дополнувања;

4. Дава објаснување и мислење во врска со примената на овој договор и друга помош на организациите во постапката за склучување на самоуправните спогодби и одделните општествени договори, како и за нивното спроведување;

5. Ги разгледува предлозите на самоуправните спогодби и одделните општествени договори и дава мислење за усогласување на истите со одредбите на овој договор и одредбите на Законот;

6. Учествува во подготвувањето на одделните општествени договори во согласност со членот 25 од овој договор; и

7. Врши други работи и задачи што ќе ги постават учесниците.

Член 29

Комисијата е должна да даде оценка за самоуправната спогодба во рок од 30 дена.

Член 30

Откако Комисијата ќе утврди дека самоуправната спогодба и одделниот општествен договор се во согласност со Законот и со овој договор, тие се запишуваат во регистарот што го води Републичкиот секретаријат за труд.

Член 31

Доколку Комисијата оцени дека самоуправната спогодба, односно одделниот општествен договор, не е во согласност со одредбите на Законот и на овој договор, за спорните прашања ги известува предлагачите на самоуправната спогодба односно на одделниот општествен договор.

Член 32

Комисијата донесува деловник со кој се утврдува начинот на работата и донесувањето на одлуки, должностите и овластувањата на претседавачот и членовите, како и начинот на вршењето на работите од членот 27 на овој договор.

Деловникот за работа влегува во сила од денот кога ќе го потврдат потписниците.

Член 33

По заклучок донесен од страна на комисијата од член 25 на овој договор, организациите имаат право на приговор.

Приговорот се поднесува до комисијата од претходниот став, во рок од 30 дена од денот на приемот на заклучокот. На седницата при разгледување на приговорот може да присуствува организацијата.

Член 34

Административната и техничката работа на комисијата ја врши Републичкиот секретаријат за труд.

Член 35

Службата на општественото книговодство, врз основа на општествениот договор и одделните општествени договори, по претходно мислење од комисијата од членот 25 на овој договор, ќе утврди посебна методологија за искажување на потребните податоци од страна на учесниците во самоуправните спогодби за следење на спроведувањето на самоуправните спогодби, одделните општествени договори и овој договор.

Член 36

За примената на одредбите од овој договор, самоуправните спогодби и одделни општествени договори се грижи Службата на општественото книговодство и за сите отстапувања од нив ги применува одредбите од членовите 12 и 16 од овој договор.

Точноста на пресметките и показателите на организациите во примената на одредбите од овој договор, од самоуправните спогодби и од одделните општествени договори ги контролира Службата на општественото книговодство.

Член 37

Постапката за склучување на самоуправните спогодби се одвива според одредбите на Законот.

Самоуправните спогодби треба да се усогласат со одредбите на овој договор во рок од 90 дена од неговото влегување во сила.

Член 38

Организациите, чие работење е од сезонски карактер, не се должни да утврдуваат односи за распределба по периодичните пресметки.

Член 39

Овој договор влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" а ќе се применува:

— за делот што се однесува на распределбата на доходот остварен во 1975 год. од 1. I. 1975 год.;

— за останатиот дел од денот на влегувањето во сила на овој договор.

До усогласувањето на самоуправните спогодби за распределба на доходот и личните доходи, организациите непосредно ќе ги применуваат одредбите на член 19, 20, 21 и 22 од овој договор.

**167.**

Врз основа на член 12 од Законот за општествено договарање и самоуправно спогодување за основите и мерилата за распределба на доходот и на личните доходи и за општествено насочување на распределбата на доходот („Службен весник на СРМ" бр. 24/71), Сојузот на синдикатите на Македонија, Стопанската комора на Македонија и Извршниот совет на Собранието на СР Македонија усвојуваат

## ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИОТ ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА РАСПРЕДЕЛБАТА НА ДОХОДОТ И ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ ВО ОСНОВНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕН ТРУД И РАБОТНИТЕ ЗАЕДНИЦИ ВРЗ ЧИЕ РАБОТЕЊЕ НЕ ДЕЛУВААТ ПАЗАРНИТЕ УСЛОВИ

Член 1

Во Одделниот општествен договор за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружениот труд и работните заедници врз чие работење не делуваат пазарните услови („Службен весник на СРМ" бр. 14/74 и 33/74), во член 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Доходот за распределба, утврден според одредбите на овој член, организацијата може да го намали и за висината на издатоците за другите лични примања: издатоците за стручно образование на работниците, наградите на учениците во стопанството, наградите за работа на студентите и учениците на средните училишта за време на практичната работа, наградите на странски студенти, стипендиите и кредитите на студентите и учениците на средните училишта, платите на странски работници врз основа на меѓународната спогодба за размена и разликата помеѓу личните доходи во земјата и во странство на работниците кои се вработени во странство".

Член 2

Во членот 3 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Во организацијата во која согласно член 1 од овој договор се намалува доходот за распределба, лични доходи претставуваат средствата издвоени од доходот за распределба на лични доходи и издатоците за други лични примања: провизија на трговските патници, казни за стопански престапи и личните примања по основ на граѓанско-правен однос".

Ставот 2 станува став 3.

Член 3

Во членот 7 во ставот 1 по алинејата 5 се додава нова алинеја која гласи:

„— средно за одредено занимање 1,50".

Во ставот 6 се додава нова алинеја 3 која гласи:

„— степен на оспособеност за вршење рабсти на работно место квалификуван работник (интерна квалификација), здобиен според општиот акт на организацијата донесен врз основа на сојузни и републички прописи".

По ставот 6 се додава нов став 7 кој гласи:

„За износот на средствата исплатени за ноќна работа и работа во државни празници организацијата може да го зголеми бројот на условно неквалификуваните работници на тој начин, што разликата на зголемениот бруто личен доход кој се исплаќа по тие основи ќе ја подели со просечниот бруто личен доход по условно неквалификуван работник остварен во стопанството за соодветниот пресметковен период од претходната година".

Член 4

Во членот 12 се додава нов став 7 кој гласи:

„Највисокиот личен доход за работниците кои покрај работата во својата организација обавуваат работи и во други организации врз основа на добиено одобрување согласно на закон, може да изнесува и повеќе од износот утврден во став 3 на овој член, доколку за тоа даде одобрување Заедничката комисија".

Член 5

По членот 12 се додава нов член 12а кој гласи:

„Минатиот труд како критериум за учество на работникот во распределбата на личниот доход, според работниот стаж (работно искуство) може да учествува најмногу до 15% во однос на личниот доход според сите останати основи и мерила".

Член 6

Во членот 17 став 1 алинејата 1 се менува и гласи:

„Регресот за годишен одмор изнесува најмалку 30%, а најмногу 60% од просечниот месечен нето личен доход исплатен во стопанството на Републиката во претходната година. Во регресот за годишен одмор пресметано е и регресирањето на пансионот во одморалиштата".

Во истиот член се додава нов став 2 кој гласи:

„По основ на солидарност на работниците може да се исплатува следната помош:

— помош на фамилијата во случај на смрт на работникот во висина до двомесечен личен доход на работникот;

— помош во случај на смрт на член на потесното семејство на работникот или за подолготрајно боледување на работникот во висина до едномесечен просечен нето личен доход остварен во основната организација на здружениот труд во претходната година;

— еднократна помош на работникот во случај на елементарни непогоди или пожар што предизвикале штета на работникот и неговата фамилија;

— еднократна помош во случај на настапување потешка инвалидност на работникот.

Предлог за исплата на наведените видови помош по основ на солидарност дава основната организација на синдикатот".

Член 7

Во членот 18 се менуваат алинеите 1 и 4 и гласат:

„— полна дневница за службено патување во земјата може да изнесува најмногу до 12% од просечниот нето месечен личен доход исплатен во стопанството на Републиката во претходната година, а доколку одделно се признаваат трошоците за ноќевање според приложена сметка, вкупната висина на дневницата не може да изнесува повеќе од 300 динари;

— надоместокот за користење на сопствено возило за службена цел може да се исплатува по изминат километар најмногу до 25% од највисоката цена на бензинот за 1 литар".

Член 8

Во членот 19 ставот 1 се менува и гласи:

„Организацијата која има организирано општествена исхрана или обезбедува општествена исхрана со топол оброк кај друга организација, може да партиципира во трошоците на исхраната по вработен најмногу до 10% од просечниот нето личен доход исплатен во стопанството на Републиката во претходната година".

Член 9

Членот 20 се менува и гласи:

„За работа подолга од полното работно време (прекувремена работа) на работникот му припаѓа зголемување најмногу до 50% од пресметковната основа и остварената аконтација на личниот доход.

За работа ноќе на работникот му припаѓа зголемување најмногу до 35% од пресметковната основа на личниот доход.

За работа во денови на државни празници на работникот му припаѓа покрај надоместокот на личен доход и личен доход за работа во тие денови зголемен до 50%".

Член 10

Членот 21 се менува и гласи:

„Републичкиот завод за статистика го утврдува и објавува во „Службен весник на СРМ" просечниот месечен нето личен доход исплатен во стопанството на Републиката во претходната година".

Член 11

Во членот 32 ставовите 3 и 4 се бришат.

Член 12

Овој одделен општествен договор влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ" а ќе се применува:

—за делот што се однесува на распределбата на доходот остварен во 1975 година од 1. I 1975 година;

— за останатиот дел од денот на влегувањето во сила на овој договор.

До усогласувањето на самоуправните спогодби за распределба на доходот и личните доходи, организациите непосредно ќе ги применуваат одредбите на член 4, 5, 6, 7, 8 и 9 од овој договор.

Член 13

Се овластува заедничката комисија да издаде и објави пречистен текст на овој договор.

За Стопанската комора
на Македонија,
**Никола Нича**, с. р.

За Сојузот на синдикатите на Македонија,
**Ванчо Близнаковски**, с. р.

За Извршниот совет
на СР Македонија,
**Душко Ѓорѓиев**, с. р.

**168.**

Врз основа на член 13 од Општествениот договор за изменување и дополнување на Одделниот општествен договор за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружениот труд и работните заедници, врз чие работење не делуваат пазарните услови („Службен весник на СРМ“ бр. 15/75 год.), Заедничката комисија на својата седница го утврди пречистениот текст на Општествениот договор.

Пречистениот текст го опфаќа Одделниот општествен договор за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружениот труд и работните заедници, врз чие работење не делуваат пазарните услови содржани во („Службен весник на СРМ“ бр. 14/74 год.) и измените и дополнувањата на Одделниот општествен договор за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружениот труд и работните заедници врз чие работење не делуваат пазарните услови („Службен весник на СРМ“ бр. 33/74 год. и бр. 15/75 год.).

Претседавач на Комисијата,
**Душко Ѓорѓиев,** с. р.

За остварување на начелата за општествено насочување на распределбата на доходот и личните доходи, а врз основа на членовите 2, 4, 5, 8 и 10 од Законот за општествено договарање и самоуправно спогодување за основите и мерилата за распределба на доходот и на личните доходи и за општествено насочување на распределбата на доходот („Службен весник на СРМ“ бр. 24/71 год.) — (во натамошниот текст: Законот), Сојузот на синдикатите на Македонија, Стопанската комора на Македонија и Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, усвојуваат

# ОДДЕЛЕН ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР

## ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА РАСПРЕДЕЛБАТА НА ДОХОДОТ И ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ ВО ОСНОВНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД И РАБОТНИТЕ ЗАЕДНИЦИ, ВРЗ ЧИЕ РАБОТЕЊЕ НЕ ДЕЛУВААТ ПАЗАРНИТЕ УСЛОВИ

**(Пречистен текст)**

Член 1

Со овој одделен општествен договор се усвојуваат единствени основи и мерила за утврдување на односите во распределбата на доходот на дел за проширување на материјалната основа на здружениот труд односно за заедничките потреби и на дел за лични доходи и за други примања на работниците во основните организации на здружениот труд и работните заедници на групациите од областа на деловните банки, осигурителните заводи, новинско-издавачките организации и издавачките организации (во натамошниот текст: организација).

Член 2

Доходот за распределба во смисла на одредбите од овој договор претставува остварениот доход на организацијата намален за пресметаните договорни и законски обврски.

Како доход во смисла на претходниот став се сметаат средствата за лични доходи и дел за проширување на материјалната основа на здружениот труд односно средствата за заедничка потрошувачка.

Доходот за распределба, утврден според одредбите на овој член, организацијата може да го намали и за висината на издатоците за другите лични примања: издатоците за стручно образование на работниците, наградите на учениците во стопанството, наградите за работа на студентите и учениците на средните училишта за време на практичната работа, наградите на странски студенти, стипендиите и кредитите на студентите и учениците на средните училишта, платите на странските работници врз основа на меѓународната спогодба за размена и разликата помеѓу личните доходи во земјата и во странство на работниците кои се вработени во странство.

Член 3

Лични доходи во смисла на овој договор се средствата издвоени од доходот за распределба на личните доходи и за други лични примања на работниците во бруто износ согласно член 7 став 3 од Законот за утврдување и пресметување на вкупниот приход и доход во основните организации на здружениот труд („Службен лист на СФРЈ“ бр. 71/72 г.), врз основа на утврдените односи за распределба на доходот.

Во организацијата во која согласно член 1 од овој договор се намалува доходот за распределба, лични доходи претставуваат средствата издвоени од доходот за распределба на лични доходи и издатоците за други лични примања: провизија на трговските патници, казни за стопански престапи и личните примања по основ на граѓанско-правен однос.

Делот од доходот за проширување на материјалната основа односно за заедничките потреби на здружениот труд (во натамошниот текст: проширување на материјалната основа) во смисла на овој договор претставува разлика помеѓу доходот за распределба утврден според член 2 од овој договор и личните доходи со други лични примања според став 1 и 2 на овој член.

Член 4

При распределбата на доходот на дел за лични доходи и дел за проширување на материјалната основа на здружениот труд, организациите можат да издвојуваат дел од доходот за распределба на лични доходи до висината на просечниот бруто личен доход по условно неквалификуван работник во стопанството, остварен според завршните сметки од претходната година, зголемен најповеќе до стапката на порастот на личните доходи во стопанството во текот на годината помножен со бројот на условно неквалификуваните работници во организацијата.

Ова мерило служи за распределба на доходот и не претставува основ за стекнување средства за финансирање на организациите.

Член 5

Организацијата која што со примена на мерилото од претходниот член не може да го обезбеди бруто личниот доход исплатен по условно неквалификуван работник според завршната сметка од претходната година, може да отстапува од мерилото за распределба на доходот, но само до висината на исплатениот бруто личен доход по условно неквалификуван работник во организацијата според завршната сметка од претходната година.

Член 6

Службата на општественото книговодство ќе го утврдува и објавува во „Службен весник на СР Македонија“ заедничкиот елемент — бруто личен доход по условно неквалификуван работник во стопанството остварен според завршните сметки во претходната година (БЛДУНРС).

Службата на општественото книговодство податокот ќе го објавува најдоцна до 30 април во тековната година за претходната година.

Во случај на промена во структурата на заедничкиот елемент кои би влијаеле врз нивната примена во тековниот пресметковен период, Службата на општественото книговодство ќе го утврдува и објавува заедничкиот елемент според структурата сообразена со тековниот период.

Стапката на порастот на личните доходи во стопанството во текот на годината ќе го утврдува и објавува Републичкиот завод за статистика во месечната публикација „Краткорочни показатели за движењата во стопанството на Социјалистичка Република Македонија".

Член 7

Утврдувањето на бројот на условно неквалификуваните работници се врши по следните единствени пондерациони коефициенти:

| | |
|---|---|
| — неквалификувани | 1,00 |
| — полуквалификувани | 1,25 |
| — квалификувани | 1,50 |
| — висококвалификувани | 1,92 |
| — ниже стручно | 1,32 |
| — средно за одредено занимање | 1,50 |
| — средно стручно | 1,92 |
| — више стручно | 2,30 |
| — високо стручно | 2,85 |
| — специјалисти и магистри | 3,15 |
| — доктори на науки | 3,50 |

Коефициентите од претходниот став се применуваат само за пресметување на условниот број на неквалификувани работници на вработените и не можат да претставуваат основ и мерило за распределба на личните доходи.

За индивидуалните извршни органи на организациите односно за лица вработени на работни места што според одделен пропис подлежат на реизборност зголемувањето на пондерационите коефициенти може да се врши до 50%.

Како работни места што подлежат на реизборност во смисла на претходниот став не се сметаат раководните работни места што како такви се утврдуваат со самоуправна спогодба за меѓусебни односи во здружениот труд, согласно член 4 од Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд („Службен лист на СФРЈ бр. 22/73 год.).

За лица вработени на места за кои според постојните прописи се признава бенифициран работен стаж, пондерационите коефициенти од овој член можат да се зголемат за процентот на бенифицираниот стаж.

Квалификација односно степен на стручна подготовка во смисла на овој член се смета:

— степенот на добиеното школско образование, односно стручна подготовка здобиена, односно призnaена на начин утврден со закон или пропис донесен на основа на закон;

— степен на оспособеноста за вршење на работи на работно место на полуквалификуван (приучен) работник, односно призната подготовка за полуквалификуван работник според одредбите на општиот акт на организацијата; и

— степен на оспособеност за вршење работи на работно место квалификуван работник (интерна квалификација), здобиен според општиот акт на организацијата донесен врз основа на сојузни и републички прописи.

За износот на средствата исплатени за ноќна работа и работа во државни празници организацијата може да го зголеми бројот на условно неквалификуваните работници на тој начин, што разликата на зголемениот бруто личен доход кој се исплаќа по тие основи ќе ја подели со просечниот бруто личен доход по условно неквалификуван работник остварен во стопанството за соодветниот пресметковен период од претходната година.

Член 8

Исплатата на аконтациите на личните доходи во организациите во текот на годината треба да се движи во рамките на деловните резултати и мерилата за распределба на доходот според одредбите на овој одделен општествен договор и самоуправната спогодба.

Распределбата на доходот на дел за лични доходи и на дел за проширување на материјалната основа на здружениот труд ја утврдува секоја организација потписник на самоуправната спогодба според резултатите од завршната сметка со примена на мерилата од член 4 од овој одделен општествен договор и самоуправните спогодби.

Член 9

Организациите склучуваат самоуправни спогодби за распределба на доходот и личните доходи во рамките на дејноста односно гранката или групата на која и припаѓа согласно Правилникот за распределување на корисниците на општествениот имот според нивните дејности („Службен лист на СФРЈ" бр. 10/62 год.... 13/65 год.).

Организациите можат да склучат самоуправни спогодби за распределба на доходот и личните доходи и во рамките на заедница на основните организации на здружениот труд и сложена организација на здружениот труд.

Организацијата не може да биде истовремено потписник на две или повеќе самоуправни спогодби.

Член 10

Делот од доходот кој според мерилата на Општествениот договор и самоуправната спогодба за распределба на доходот и личните доходи ќе се издвои за лични доходи и за други лични примања, работниците во организацијата го распределуваат во согласност со одредбите на самоуправната спогодба за меѓусебните односи во здружениот труд.

Ако потписниците утврдат во самоуправната спогодба за распределба на доходот и личните доходи одделни мерила за распределба на личните доходи, должни се да ги усогласат одредбите на самоуправната спогодба за меѓусебните односи во здружениот труд, со мерилата за распределба на личните доходи утврдени во самоуправната спогодба за распределбата на доходот и личните доходи.

Член 11

Најнискиот личен доход на работник за полно работно време и нормален работен учинок не може да биде помал од 70% од просечниот личен доход исплатен во стопанството во претходната година.

Член 12

Највисок личен доход претставува максималниот износ на личен доход и други лични примања што може годишно во просек да се исплати како личен доход на работникот по сите основи и мерила, вклучувајќи ги и личните доходи остварени во повеќе организации.

Награди што се исплатуваат на работникот по основ на авторство, рационализаторство, новаторство и патенти не се земаат предвид при утврдувањето на највисокиот личен доход.

Највисокиот личен доход на работник во текот на годината може да се движи во распон до 1:5 во однос на просечниот месечен нето личен доход исплатен во стопанството во претходната година.

Во рамките на највисокиот личен доход утврден спрема став 1 од овој член, највисокиот износ на личниот доход на работникот се утврдува со самоуправната спогодба за распределба на доходот и личните доходи и со самоуправна спогодба за меѓусебни односи во здружениот труд, а во зависност од обемот, сложеноста, карактерот на работењето, големината на организацијата, бројот на работниците и доходноста.

Организацијата и одговорното лице се должни да водат сметка при исплата на личните доходи на работниците, највисокиот износ на личниот доход да се движи во согласност со став 3 и 4 од овој член.

Износите што од други организации се уплатени на име личен доход по сите основи во организацијата каде работникот е вработен на не-

определено работно време, а ја надминуваат максималната висина утврдена со одредбите на овој член се распределуваат со завршната сметка на организацијата каде работникот е вработен на неопределено работно време во дел за проширување на материјалната основа на здружениот труд.

Највисокиот личен доход за работниците кои покрај работата во својата организација обавуваат работи и во други организации врз основа на добиено одобрување согласно на закон, може да изнесува и повеќе од износот утврден во став 3 на овој член, доколку за тоа даде одобрување Заедничката комисија.

Член 13

Минатиот труд како критериум за учество на работникот во распределбата на личниот доход, според работниот стаж (работно искуство) може да учествува најмногу до 15% во однос на личниот доход според сите останати основи и мерила.

Член 14

Личниот доход на странските стручњаци на работа во организациите од нашата Република може да се исплатува до висината на износот утврден во договорот со странскиот деловен партнер.

Член 15

Организацијата што не ќе склучи или не се придржува кон самоуправната спогодба за распределба на доходот и личните доходи, средствата за личните доходи ги издвојува од доходот за распределба, најповеќе до просечниот бруто личен доход по условно неквалификуван работник во организацијата исплатен со примена на мерилото за распределба на доходот според завршната сметка од претходната година.

Член 16

Организацијата која исплатила поголема маса на средства за лични доходи од колку што и припаѓа со распределбата на доходот по завршната сметка за тековната година, должна е пречекорениот износ да го надомести од делот на доходот за лични доходи во пресметковните периоди од наредната година, заклучно со утврдувањето на конечните односи за распределба по завршната сметка.

Се до покривање на разликата од претходниот став, тековниот личен доход по условно неквалификуван работник во организацијата не може да биде поголем од просечниот бруто личен доход по условно неквалификуван работник во организацијата, исплатен според завршната сметка во годината во која е направено пречекорувањето.

Во случај кога поради виша сила, системски решенија, или други објективни причини, организацијата не може да ги обезбеди односите за распределба на доходот според мерилата од овој договор, може да примени и други општествено оправдани мерила за распределба на доходот до колку тие ќе бидат верифицирани од Заедничката комисија од член 23 од овој договор.

Член 17

Организациите може да склучат самоуправна спогодба со организациите од другите социјалистички републики и социјалистички автономни покраини, во согласност со одредбите на меѓурепубличкиот општествен договор.

До потпишувањето на меѓурепубличкиот општествен договор, организациите можат да склучат самоуправна спогодба односно да пристапат кон спогодбата на работната организација од Републиката во која е седиштето на организацијата.

Организациите од претходниот став висината на најнизок и највисок личен доход, личните примања од средствата за заедничка потрошувачка и издатоците што паѓаат на товар на материјалните трошоци, ги усогласуваат со одредбите на овој одделен општествен договор.

Организациите од ставот 1 и 2 на овој член, се должни да достават по еден примерок од самоуправната спогодба на соодветната филијала на Службата за општествено книговодство каде што е седиштето на организацијата и до Комисијата за општествено договарање.

Член 18

Со самоуправната спогодба за распределба на доходот и личните доходи, организациите утврдуваат поблиски мерила за определување на висината на примањата од средствата за заедничка потрошувачка со тоа што годишните примања по работник вработен на неопределено време не може да бидат поголеми од следните износи:

— регресот за годишен одмор изнесува најмалку 30%, а најмногу 60% од просечниот месечен нето личен доход исплатен во стопанството на Републиката во претходната година. Во регресот за годишен одмор пресметано е и регресирањето на пансионот во одмаралиштата;

— јубилејни награди и други примања наменети за лична потрошувачка, кои се исплатуваат непосредно или посредно, не можат да бидат по работник поголеми од едномесечен просечен нето личен доход исплатен во стопанството во претходната година;

— на работниците кои одат во пензија може да им се исплатува отпремнина до висината на тримесечен износ од просечниот личен доход на работникот остварен во годината во која оди во пензија.

По основ на солидарност на работниците може да се исплатува следната помош:

— помош на фамилијата во случај на смрт на работникот, во висина до двомесечен личен доход на работникот;

— помош во случај на смрт на член на потесното семејство на работникот или за подолготрајно боледување на работникот во висина до едномесечен просечен нето личен доход остварен во основната организација на здружениот труд во претходната година;

— еднократна помош на работникот во случај на елементарни непогоди или пожар што предизвикале штета на работникот и неговата фамилија;

— еднократна помош во случај на настапување потешка инвалидност на работникот.

Предлог за исплата на наведените видови помош по основ на солидарност дава основната организација на синдикатот.

Член 19

Со самоуправна спогодба организациите ги утврдуваат поблиску мерилата за определување на износот на примањата што ги товарат материјалните трошоци, со тоа што поединечните износи на овие примања можат да изнесуваат најмногу и тоа:

— полна дневница за службено патување во земјата може да изнесува најмногу до 12% од просечниот нето месечен личен доход исплатен во стопанството на Републиката во претходната година, а доколку одделно се признаваат трошоците за ноќевање според приложена сметка, вкупната висина на дневницата не може да изнесува повеќе од 300 динари;

— полна дневница за службен пат во странство може да се движи најмногу до износот пропишан за работниците во републичките органи на управата, а доколку се признаваат одделно трошоците за ноќевање, дневницата се намалува за 30%;

— дневницата на лице — странски државјанин за време на престој во нашата земја како и на наш граѓанин чија висина е утврдена со меѓудржавните конвенции или склучени договори со

странски организации, може да изнесува до висината утврдена во договорот со странскиот деловен партнер;

— надоместокот за користење на сопствено возило за службена цел може да се исплатува по изминат километар најмногу до 25% од највисоката цена на бензинот за еден литар;

— надоместокот за одвоен живот не може да изнесува повеќе од 40% од пресметковниот основ на личниот доход на работникот;

— надоместокот за теренски додаток не може да изнесува повеќе од 40% од пресметковниот основ на личниот доход на работникот доколку на објектот е организирана исхрана и сместување. Во случај кога исхраната и сместувањето на работниците на објектот не се организирани, висината на надоместокот се утврдува со самоуправната спогодба.

Член 20

Организацијата која има организирано општествена исхрана или обезбедува општествена исхрана со топол оброк кај друга организација, може да партиципира во трошоците на исхраната по вработен најмногу до 10% од просечниот нето личен доход исплатен во стопанството на Републиката во претходната година.

Износот на партиципацијата не може да се исплатува во готово, туку се преведува директно на организацијата за општествена исхрана.

Член 21

За работа подолга од полното работно време (прекувремена работа) на работникот му припаѓа зголемување најмногу до 50% од пресметковната основа и остварената аконтација на личниот доход.

За работа ноќе на работникот му припаѓа зголемување најмногу до 35% од пресметковната основа на личниот доход.

За работа во денови на државни празници на работникот му припаѓа покрај надоместокот на личен доход и личен доход за работа во тие денови зголемен до 50%.

Член 22

Републичкиот завод за статистика го утврдува и објавува во „Службен весник на СРМ“ просечниот месечен нето личен доход исплатен во стопанството на Републиката во претходната година.

Член 23

Спроведувањето на овој Одделен општествен договор и самоуправните спогодби, го следи Заедничката комисија за општествено договарање во стопанството која се формира според одредбите од Законот.

Член 24

Комисијата работи на седници кои се одржуваат по потреба. Секој од учесниците има право да бара одржување на седница на Комисијата. Комисијата полноправно работи ако на седницата присуствуваат најмалку по еден член именуван од страна на секој учесник.

Член 25

Седницата на Комисијата ја свикува и со неа раководи претседавач, кој наизменично се избира секои 4 месеци.

Член 26

Комисијата особено:

1. го следи спроведувањето на овој Одделен општествен договор и самоуправните спогодби и за појавите и проблемите ги известува учесниците и другите заинтересирани организации и органи;

2. предлага на учесниците преземање мерки и акции за спроведување на овој Одделен општествен договор;

3. предлага на учесниците измени и дополнување на овој Одделен општествен договор и подготвува нацрт на измени и дополнувања;

4. дава објаснување и мислење во врска со примената на овој Одделен општествен договор и друга помош на организациите во постапката за склучување на самоуправните спогодби како и за нивното спроведување;

5. ги разгледува предлозите на самоуправните спогодби и дава мислења за усогласување на истите со одредбите на овој Одделен општествен договор и одредбите на Законот;

6. Комисијата оценува дали мерилата што се содржани во самоуправните спогодби се во согласност со одредбите на Законот и овој Одделен општествен договор;

7. оценува дали надоместоците и нивната висина во самоуправните спогодби се во согласност со одредбите на овој Одделен општествен договор; и

8. врши други работи и задачи што ќе ги поставуваат учесниците.

Член 27

Комисијата е должна да даде оценка за самоуправната спогодба во рок од 30 дена од денот на приемот.

Член 28

Откако Комисијата ќе утврди дека самоуправната спогодба е во согласност со Законот и со овој Одделен општествен договор, тие се запишуваат во регистарот што го води Републичкиот секретаријат за труд.

Член 29

Доколку Комисијата оцени дека самоуправната спогодба не е во согласност со одредбите на Законот и на овој Одделен општествен договор, за спорните прашања ги известува предлагачите на самоуправната спогодба.

Член 30

Административните и техничките работи на Комисијата ги врши Републичкиот секретаријат за труд.

Член 31

За примената на одредбите на овој Одделен општествен договор, и самоуправните спогодби се грижи Службата на општественото книговодство и за сите отстапувања од нив ги применува одредбите од член 5, 15 и 16 од овој Одделен општествен договор.

Службата на општественото книговодство ја следи примената на овој одделен општествен договор и самоуправните спогодби по методологијата утврдена за следење на спроведувањето на Општествениот договор и самоуправните спогодби за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружениот труд и работните заедници во општествените дејности.

Точноста на пресметките и показателите на организациите во примена на одредбите на овој Одделен општествен договор и самоуправните спогодби ги контролира Службата на општественото книговодство.

Член 32

По заклучок донесен од страна на Комисијата од член 23 на овој Одделен општествен договор, организацијата има право на приговор.

Приговорот се поднесува до Комисијата од претходниот став во рок од 30 дена од денот на приемот на заклучокот. На седница при разгледување на приговорот може да присуствува и претставник на организацијата.

Член 33

Постапката за склучување на самоуправните спогодби се одвива според одредбите на Законот.

Самоуправните спогодби треба да се усогласат со одредбите на овој Одделен општествен договор во рок од 60 дена од неговото влегување во сила.

Член 34

Овој Одделен општествен договор влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" а ќе се применува:

— за делот што се однесува на распределбата на доходот остварен во 1975 година од 1. I 1975 година;

— за останатиот дел од денот на влегувањето во сила на овој договор.

До усогласувањето на самоуправните спогодби за распределба на доходот и личните доходи, организациите непосредно ќе ги применуваат одредбите на член 12, 13, 18, 19, 20 и 21 од овој договор.

# Огласен дел

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителката Ангеловска, моминско презиме Манева Рада од Скопје, со стан на ул. „Иван Аговски" бр. 1 — барака, Карпош I, против тужениот Ангеловски Трајан од село Свињиште, Охридско, сега со непозната адреса. Вредност на спорот 2.000,00 динари.

Се повикува тужениот Ангеловски Трајан во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави лично во судот или да ја достави својата адреса.

Доколку во определениот рок тужениот Трајан не се јави ќе му биде определен старател.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1814/74. (61)

### ОКРУЖЕН СУД ВО ШТИП

Хусеинов Махмуд Зејнел од Штип, ул. „Радански пат", поднесе до овој суд тужба за развод на брак против тужената Хусеинова Стојка од Штип, сега во Турција со непозната адреса.

Бидејќи адресата и местожителството на тужената се непознати, се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ" да се јави или да одреди свој застапник. Во спротивно, судот по службена должност го одредува за застапник Илиев Боге, приправник при Окружниот суд во Штип и делото ќе се реши во нејзино отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 90/75. (60)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО СТРУГА

Општинскиот суд во Струга ,во врска со тужбата на тужителот Филкоски Богданов Ангеле од село Биџево, Струга, против тужените Трајановски Наум и Рами Оџа од село Биџево, сега со непозната адреса, поради утврдување на сопственост, вредност 500 динари, на тужениот Трајановски Наум од село Биџево за привремен застапник му го одреди адвокатот Крсте Велјаноски од Охрид врз основа на член 77, став 2, т. 4 и 5 од ЗПП, затоа што се наоѓа во странство со непозната адреса.

Поставениот привремен застапник ќе го застапува тужениот по оваа правна работа се додека тужениот или неговиот полномошник не се јави на судот односно додека органот за старателство не го извести судот дека поставил старател.

Од Општинскиот суд во Струга, П. бр. 530/74.

## РЕГИСТАР НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 77, страна 300, книга VIII е запишана под фирма: Претпријатие за дрвна индустрија „Треска" — Скопје — ООЗТ — Погон за стопанисување со шуми — Македонски Брод — Деловна единица — Продавница без својство на правно лице во село Брест. Предмет на работењето на продавницата е продажба на алкохолни и безалкохолни пијалоци во пакувана состојба, земјоделско-индустриски прехранбени производи и други индустриски производи како: железарија, стакло и сл.

Продавницата е основана со одлуката на работничкиот совет на претпријатието за дрвна индустрија „Треска" — Скопје, број 02-644 од 5. VI. 1973 година.

Раководител на продавницата е Цветаноски Андон.

Деловната единица — продавница без својство на правно лице во село Брест ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, фи. бр. 786 од 27. XI 1973 година. (1480)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 204, страна 233, книга VIII е запишана под фирма: Трговско претпријатие за промет со кожни и гумени производи на големо и мало „Ангрокожа и гума" — Скопје — Деловна единица — продавница број 27, без својство на правно лице во Виница, улица „Илинденска" број 27. Предмет на работењето на продавницата е промет на мало со преработена кожа, кожна галантерија и кожни обувки (грана 125), гумени производи (грана 126) и преработки од пластични маси.

Продавницата е основана со одлуката на работничкиот совет на „Ангрокожа и гума" — трговско претпријатие за промет со кожни и гумени производи на големо и мало — Скопје, од одржаната седница на 19. VII 1973 година.

Раководител на продавницата е Славчо Спасов.

Деловната единица — продавница број 27 без својство на правно лице во Виница, Кочанско ќе ја потпишува ,задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1258 од 22. XI. 1973 година. (1505)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. број 204, страна 233 книга VIII е запишана под фирма: Трговско претпријатие за промет со кожни и гумени производи на големо „Ангрокожа и гума" — Скопје — Деловна единица — — продавница број 21 во Подуево, без својство на правно лице, улица „Народен фронт" број 13 Предмет на работењето на продавницата е промет на мало со преработена кожа, кожна галантерија и кожни обувки (гранка 125), гумени производи (гранка 126) и преработки од пластични маси за широка потрошувачка (гранка 120).

Продавницата е основана со одлуката на работничкиот совет на „Ангрокожа и гума" трговско претпријатие за промет со кожни и гумени производи на големо — Скопје, од одржаната седница на 15. III. 1973 година.

Раководител на продавницата е Сејди Бљакчори, кој е овластен да набавува стока и заклучува договори за купопродажба само со специјални полномошна.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 684 од 26. XI 1973 година. (1508)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 74, страна 757, книга I е запишано следното: Земјоделска задруга „Единство“ — село Челопек, Тетовско, Деловна единица — Продавница без својство на правно лице, ул. „Маршал Тито“ број 2 во Тетово. Предмет на работењето на продавницата е промет со текстил.

Продавницата е основана со одлуката на задружниот совет на Земјоделската задруга „Единство“ — село Челопек, број 01-347/2 од 4. VI. 1973 година, од одржаната седница на 10. I. 1973 година.

Раководител на продавницата е Шаќири Јонуз.

Деловната единица ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 936 од 20. XI. 1973 година. (1509)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 12. VII. 1973 година, рег. број 53, книга II, реден број 22 за Хотелско-угостителското претпријатие „Хунап“ — Радовиш се запиша основањето на Бифе — скара „Хунап“ број 5 во Радовиш, ул. „Маршал Тито“ број 57. Предмет на работењето на бифето е продажба на алкохолни и безалкохолни пијалоци и скара.

Раководител на бифето и Мирко Грумбаров.

Уписот е извршен врз основа на одлуката на работничкиот совет на претпријатието број 3311 од 26. II. 1973 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 194/73. (1524)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 20. VII. 1973 година, рег. број 392, реден број 13 е запишано основањето на основната организација на здружен труд под фирма: ООЗТ — Земјоделска задруга „Прогрес“ село Чешиново, Кочанско, во состав на Рударското претпријатие за неметали „Опалит“ — село Чешиново. Предметот на работењето на ООЗТ е истиот што го обавуваше Земјоделската задруга „Прогрес“ — село Чешиново.

Овластени лица за потпишување на ООЗТ се: Славко Станоев Ѓорѓиев, директор, Симеон Крстов Постолов, управник на полјоделие со кооперација, Фердо Ристов Коцев, управник на ОЗТ — фабрика за ориз со млин и Трајчо Киров Тодоров, управник на ОЗТ — трговија со угостителство.

Основната организација на здружен труд е со својство на правно лице и не одговара за внатрешните обврски за останатите основни организации на здружен труд и има супсидијарна одговорност за останатите основни организации на здружен труд спрема трети лица.

Од Окружниот стопански суд во Штип Фи. бр. 118/73. (1522)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 11. IV 1973 година. рег. број 399, реден број 25 е запишано основањето на продавницата бр. 14, со седиште во Кочани, ул. 29 „Ноември“, на Работната организација „Жито Македонија“ — прехранбен комбинат — Скопје — филијала — Кочани. Предмет на работењето на продавницата е продажба на леб и печива, сите видови безалкохолни пијалоци, пиво, разни наполитанки, кекси, чоколади, конзерви и други спакувани прехранбени продукти.

Раководител на продавницата е Марика Рунчева.

Уписот е извршен во регистарот врз основа на одлуката на работничкиот совет на „Жито Македонија“ — прехранбен комбинат — Скопје филијала Кочани, број 268 од 24. I 1973 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 49/73. год. (1523)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд. на 12. VII. 1973 година, рег. бр. 53, книга II, реден број 21 е запишано: Хотелско-угостителско претпријатие „Хунап“ — Радовиш — Бифе — скара „Хунап“ број 4 — Радовиш населба „Шаим-маала“. Предмет на работењето на бифето е продажба на алкохолни и безалкохолни пијалоци и скара.

Раководител на бифето е Сандо Караманов.

Уписот е извршен во регистарот врз основа на одлуката на работничкиот совет на претпријатието, бр. 47-1 од 12. III. 1973 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 195/73. (1525)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 28. VIII 1973 година, рег. бр. 53, книга П. реден број 20 е запишана под фирма: Хотелско-угостителско претпријатие „Хунап“ — Радовиш — Бифе — скара „Хунап“ број 3, со седиште во Радовиш. Предмет на работењето на бифето е продажба на алкохолни и безалкохолни пијалоци, како и скара.

Раководител на бифето е Мира Костадинова.

Уписот е извршен врз основа на одлуката на присилниот управник на Хотело-угостителското претпријатие „Хунап“ — Радовиш, број 483 од 25. XI 1972 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, фи. бр. 196/73. (1526)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 29. X 1973 година, рег. бр. 56 книга II, реден број 12 е запишано основањето на продавницата под фирма: Претпријатие за оправка на моторни возила и земјоделски машини и промет со резервни делови „Агроремонт“ — Струмица продавница во Струмица, улица „Гоце Делчев“ бб. Предмет на работењето на продавницата е продажба на сите видови моторни возила и земјоделски машини, резервни делови за сите нив, како и сите видови гуми за моторни возила.

Раководител на продавницата е Ванчо Трајков.

Уписот е извршен во регистарот врз основа на одлуката на работничкиот совет на претпријатието број 02-3167/1 од 30. VI. 1973 год.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 209 /73. (1527)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 22. IX. 1973 година, рег. број 51, книга II, реден број 25 е запишано следното: Занаетчиското услужно претпријатие „Иднина“ — Струмица основа Слаткарска продавница „Гоце Делчев“ — село Василево. Предмет на работењето на продавницата е промет на мало со производи врз база на шеќер и какао, сувомесни производи, алкохолни и безалкохолни пијалоци, тутунски преработки и кибрит, разни печива, млеко и млечни производи, кафе и чај.

Раководител на продавницата е Чедомир Витанов.

Уписот е извршен во регистарот врз основа на одлуката на работничкиот совет на Занаетчиското услужно претпријатие „Иднина„ — Струмица, број 01-784/1 од 10. V. 1973 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 137/73. (1528)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 5. IX. 1973 година, рег. бр. 165, реден број 19 е запишано следното: Земјоделската задруга „Кукла“ — село Куклиш, Струмичко, основа Угостителски објект — Бифе во село Костурино, Струмичко. Предмет на работењето на бифето е

вршење на угостителски услуги — продажба на алкохолни и безалкохолни пијалоци и продажба на цигари.

Раководител на продавницата е Глигор Бочев.

Уписот е извршен во регистарот врз основа на одлуката на Задружниот совет на задругата, број 03-361 од 13. VII. 1973 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 204/73. (1529)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 27. IX. 1973 година, рег. број 191, реден број 5 е запишано основањето на Продавницата за промет на мало, со седиште во Струмица, ул. „Маршал Тито" број 24, на Задругата за шивачки услуги и промет „Единство" — Струмица. Предмет на работењето на продавницата е промет со готови шивачки производи, промет со конфекциска и трикотажна стока и промет со галантериска стока од шивачка струка.

Раководител на продавницата е Никола Андонов.

Уписот е извршен во регистарот врз основа на одлуката на работничкиот совет на задругата, бр. 318/143 од 28. VI. 1972 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 137/73. (1530)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 28. VIII 1973 година, рег. бр. 105, реден број 4 е запишано: Задругата за шивачки услуги и промет „Единство" — Струмица основа Продавница за промет на мало во Струмица, ул. „Маршал Тито" бр. 2. Предмет на работењето на продавницата е промет со готови шивачки производи, промет со конфекциска и трикотажна стока и промет со галантериска стока од шивачка струка.

Раководител на продавницата е Нетка Манчева.

Продавницата е запишана во регистарот врз основа на одлуката на работничкиот совет на Задругата за шивачки услуги и промет „Единство" — Струмица, број 317/142 од 28. VI. 1972 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 112/73. (1532)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 5. X 1973 година, рег. број 72, реден број 1 е запишано основањето на задругата под фирма: Земјоделска задруга „Гоце Делчев" — село Лесковица, Штипско. Предмет на работењето на задругата е организирање и унапредување на земјоделското производство во целост и кооперација во целост.

В.д. директор на задругата е Лазо Димчев, а заеднички ќе ја потпишува со претседателот на задружниот совет Трајчо Ласков.

Задругата е основана на основачкото собрание на Земјоделската задруга „Гоце Делчев", село Лесковица.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. број 237/73. (1535)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 23. X. 1973 година, рег. број 471, реден број 12 е запишана под фирма: Памучна индустрија „Македонка" — Штип, Основна организација на здружен труд — правно лице „Нов дом" — Штип, Продавница во Гњилане, ул. „Муса Заими" број 1. Предмет на работењето на продавницата е промет со сите видови отпадоци и фелерична стока и сите видови индустриска стока од текстилната и металната гранка.

Раководител на продавницата е Беко Бериша.

Продавницата е основана од Основната организација на здружен труд — правно лице „Нов дом" — Штип, со одлуката на работничкиот совет на организацијата број VI/72-3 од 5. VI. 1972 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 265/73. (1536)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 17. X. 1973 година, рег. број 471, реден број 12 е запишано основањето на продавницата под фирма: Памучна индустрија „Македонка". СОЗТ „Нов дом" — Штип — Продавница Штимље, улица „Призренски пат" број 58. Предмет на работењето на продавницата е продажба на сите видови отпадоци и фелерична стока и сите видови индустриска стока од текстилната и металната гранка.

Раководител на продавницата е Речица Зејнул.

Уписот е извршен во регистарот врз основа на одлуката на работничкиот совет на СОЗТ „Нов дом" — Штип, бр. VI/72-3 од 5. VI 1972 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 266/73. (1537)

---

## СОДРЖИНА

Страна

129. Решение за именување секретар на Секретаријатот за односи со странство на Извршниот совет — — — — — — 249
130. Решение за именување потсекретар во Секретаријатот за односи со странство на Извршниот совет — — — — — — 249
131. Решение за именување потсекретар во Републичкиот секретаријат за финансии — — — — — — — — — — 249
132. Решение за именување потсекретар во Републичкиот секретаријат за финансии — — — — — — — — — — 249
133. Решение за именување потсекретар во Републичкиот секретаријат за здравство и социјална политика — — — — — 250
134. Решение за именување помошник на републичкиот секретар за здравство и социјална политика — — — — — 250

**Општествени договори и самоуправни спогодби**

165. Општествен договор за изменување и дополнување на Општествениот договор за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружениот труд во стопанството — — — — — — — — — 250
166. Општествен договор за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружениот труд во стопанството (Пречистен текст) — — — — — — — — 251
167. Општествен договор за изменување и дополнување на Одделниот општествен договор за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружениот труд и работните заедници, врз чие работење не делуваат пазарните услови — — — — 256
168. Одделен општествен договор за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружениот труд и работните заедници, врз чие работење не делуваат пазарните услови (Пречистен текст) — 258

**Издавач: „Службен весник на СРМ" — работна организација, Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро-сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**